АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-389/6
19.03. 2018 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 1501
Рок на чување
19.03 2018 год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК ОД ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ОДРЖАНА НА 21.02.2018

На седницата на Државната изборна комисија свикана од претседателот д-р Кирил Пецаков присуствуваа и д-р Гоце Бабоски, д-р Јосиф Ристевски и д-р Агрон Пашоли. Отсуство најави д-р Данчо Бизески.

Претседателот на Државната изборна комисија го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

-Усвојување на Предлог-дневниот ред на седницата на Државната изборна комисија за ден 21.02.2018 година

1.Разгледување на пристигнати материјали од собирот на доктори одржан на 12.02.2018 година, изјави од кандидати

2. Разно

На почетокот на седницата претседателот на Комисијата д-р. Пецаков го прочита Предлог-дневниот ред и го стави на гласање

Дневниот ред беше едногласно усвоен.

1. По однос на оваа точка д-р Пецаков ги извести членовите за пристигнатиот материјал од регионите, констатира дека сите РО ги доставиле потребните записници, листа за присуство според роковникот и во овој момент се прави пресек и согласно роковникот предложените кандидати имаат рок до четврток 22.02.2018 година да ги докомплетираат изјавите, фотокопиите од лиценци и кратките биографии. Потоа започна со разгледување на пристигнатите материјали.

-РО БИТОЛА

Од овој регионален одбор пристигнати се сите потребни записници, листа со присуство од собирот на доктори и изјави од сите предлог кандидати, но дополнително треба да бидат доставени подршки за секој предложен кандидат посебно.

-РО СТРУМИЦА

За овој регион пристигнати се сите потребни документи предвидени согласно правилникот за предлог делегати, нивни изјави, кратка биографија, копија од важечка лиценца. Дополнително да се направи проверка за дадената подршка на кандидатите. Претседателот на РО СТРУМИЦА треба да прати дополнителна изјава дека двајца од докторите кои дале подршка за кандидатите биле присутни на состанокот, но не се потпишале на листата со присутни.

-РО ВЕЛЕС

По разгледување на записниците од РО Велес, комисијата по консултација со правно лице ќе се произнесе во врска со записникот и доставената документација од овој регионален собир. А предложените кандидати имаат доставено потполна документација.

-РО КАРПОШ со ЃОРЧЕ ПЕТРОВ И САРАЈ

Да се направи и дополнителна проверка на Ивана Петреска во кандидатурата на Лилјана Анастасовска. Согласно член 15 (1) За член на Регионален одбор може да биде предложен доктор на стоматологија: - со важечка лиценца издадена од комората; и - на кого не му е изречена мерка привремено одземање на лиценца или било која друга дисциплинска мерка најмалку две години пред распишувањето на изборите; - кој има поддршка од најмалку 5 (пет) доктори членови на регионалниот одбор кои присуствувале и учествувале во работата на собирот на доктори на регионот на кој докторот е предложен за кандидат. Д-р Ивана Петреска која во 2017 има изречена забрана за вршењена дејност. Останува ЦИК да заземе став во консултација со правник.

-РО КИСЕЛА ВОДА

Претседателот на РО потребно е да достави писмена изјава дека д-р Слободан Георгиев бил присутен на собирот на доктори, но не се потпишал на списокот на присутни.

-РО ЦЕНТАР

Претседателот на РО да даде писмено известување дека е направена грешка при запишување на кандидатот д-р Андрејчи Грнчаровски. Место името Андрејчо е напишано името Иван.

Останатите региони имаат доставено уредна документација.

Под точка 2 разно комисијата ја разгледа претставката на д-р Ирина Трајковска Зареска што ја има доставено до ЦИК напишала дека документите ги доставила на 16.02.2018 година (петок). Во архивата вработениот Александар Маркозанов ја регистрирал дека ги доставила на 16.02.2018, каде што во среда на 21.01.2018 година достави изјава дека погрешно е архивирана документацијата на докторката и дека документите се примени на 19.02.2018 (понеделник) , а не на 16.02.2018 (петок) како што има архивирано претходно и притоа се извинува за истото.

Во претставката колешката толкува дека петиот ден според правилникот е во сабота (неработен ден) и дека следниот прв работен ден се смета понеделник. Меѓутоа во правилникот не пишува пет работни дена и за волја на вистината Стоматолошката комора на Македонија работеше и во саботата на 17.02.2018 година токму поради овие причини.

Исто така во претставката колешката пишува дека има поддршка од 21 доктор присутен на собирот на доктори кој се одржал на 12.02.2018 за избор на предлог делегати во РО Кисела Вода. Според записникот кој е доставен до СКМ од страна на РО Кисела Вода горе именуваната има подршка од 16 доктори од кои еден од нив е спорен од д-р Слободан Георгиев , истиот има дадено подршка на кандидатката но не се евидентирал во списоците за присуство.

Зошто колешката доколку знаела дека согласно правилникот понеделник е петиот работен ден на своите документи се потпишала со датум од 16.02.2018 (петок) и заедно со вработениот Александар Маркозанов направиле грешка при процедурата за архивирање? Останува дополнително ЦИК да донесе одлука во врска со гореименуваната докторка.

Со тоа се исцрпи дневниот ред и состанокот е завршен.

**Претседател на Државна изборна комисија**

Д-р Кирил Пецаков